# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Врз онова на член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М бр.24/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Р.С.М. „ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата за работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Р.М. бр.11/15 и 35/18), а по добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.0401 - 1762 од 19.05.2023 год. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС (01/2023)

### за пополнување на работно место со унапредување на (2) два административни службеници

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објавува интерен оглас за унапредување на два (2) административни службеници на следните позиции:

1. 1 (еден) Советник за човечки ресурси I – советник - СО30102В01007 (унапредување од помлад соработник за човечки ресурси), во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за административни и помошно технички работи.
2. 1 (еден) Советник за јавни набавки I - советник - СО30102В01006 (унапредување од помлад соработник за јавни набавки ), во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за административни и помошно технички работи

Општите услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Посебни услови:

Со Законот за админстративните службеници за помошно – стручните службеници од категоријата В1 се :

- за нивото В1 ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски).

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Потребни општи компетенции на средно ниво се:
- Учење и развој;
- Комуникација;
- Остварување резултати;
- Работење со други / тимска работа;
- Ориентираност кон странките / засегнати страни; и
- Финансиско управување.

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нетоплата изнесува **28.741,00 денари.**

На интериот оглас може да се јави административен службеник, вработен во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и :
- да е оценет со оцена"А" или "Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас,

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази во скенирана форма:
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас.

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Рокот за пријавување на огласот (пријавата со доказите ) е пет (5) дена, од денот на објавување на огласот на веб страната на Агенцијата за администрација и веб страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово или да се симне од веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово- www.jumcsrkumanovo.com.mk.

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово до лицето кое ги врши работите на организационата единица за управување со човечки ресурси како и службената електронска адреса - www.jumcsrkumanovo.com.mk

Каднидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во Агенција за администрација Скопје.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово и на веб страницата на Агенција за администрација.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Директор
Александра Арсовска


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово –
„Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

# П Р И Ј А В А
## за унапредување на административен службеник преку ИНТЕРЕН ОГЛАС

1. Податоци за огласот :

Број на интерен оглас ______________________________

Реден број на работното место за кое се пријавува

______________________________

2. Пријава на кандидатот:

   Име и Презиме

   ______________________________

   Тековно работно место______________________________

   ______________________________

   Ниво ______________________________

   Работно искуство ______________________________

3. Податоци за оценување во последната година пред објавување на интерниот оглас
4. Податоци за изречената дисциплинска мерка една година пред објавување на оглас ДА / НЕ
5. Податоци за звање на административниот службеник во последните две години пред објавување на интерниот оглас

   ______________________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, доставените докази верни на оригиналот и дека на барањето на надлежниот орган ќе доставам доказ во оригинал или копија заверена кај нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

Место и датум

______________

Административен службеник
Име и презиме / потпис

______________


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово "
„Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk